Врз основа на член 22, став 1, точка 13 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18 и 06/19), а на предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.11.2023 година ја донесе следната

# НАЦРТ-ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ ВО 2024 ГОДИНА

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Поддршка на работата на Локалниот младински совет на Општина Велес, преку реализација на активности за учење и развој на членовите на Локалниот младински совет, со цел иницирање на активности поврзани со колективниот развој на младите во градот и друго;
- Создавање услови за поддршка на младински организации и организации за млади со цел реализирање на активности чија целна група се младите од Општина Велес;
- Поддршка на работата на Младинскиот центар во Општина Велес, со цел афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

## II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Општина Велес на младите ќе им помага преку:

- Поддршка во реализирање активности согласно Националната Стратегија за млади, Програмата за работа на Локалниот младински совет и Младинскиот центар, како и преку учество во партнерски проекти со организации за млади и младински организации кои делуваат на локално и национално ниво, во тесна соработка со Агенцијата за млади и спорт, младински чадор организации, Делегацијата на Европската унија, други меѓународни и национални организации и слично.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на младинскиот активизам, негово проширување и надградување.

| | **(Нацрт) Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2024 година** | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **600.000,00** |
| 1.1. | Поддршка на активности на Локален младински совет на Општина Велес | 100.000,00 |
| 1.2. | Поддршка на активности на Младински центар во Велес | 450.000,00 |
| 1.3. | Учество во партнерски проекти | 50.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **600.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2024 година, доколку е потребно ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства, Општина Велес активностите на младите ќе ги помага и со:

- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање кампањи за потенцирање на потребата од вклучувањето на младите во ЛЕР, професионална ориентација и подобрување на стандардот за живеење;
- Организирање анкети за утврдување на интересот и насочување на сферите на делување на општината.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила нареден ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“ и ќе биде дадена на јавна расправа.

Број 25-4676/25
15.11.2023 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков